RADOVI
Zavoda za znanstveni rad
HAZU Varaždin

UDK 80=163.3`01-05Jagić, V.
Pregledni članak
Review

EMILIJA CRVENKOVSKA
Sveučilište ''Sv. Ćirila i Metoda'', Skopje
Filološki fakultet ''Blaže Koneski''
emilija@ukim.edu.mk

Primljeno: 04. 03. 2024.
Prihvaćeno: 27. 05. 2024.
DOI: https://dx.doi.org/10.21857/mzvkpto419

ДОБРОМИРОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ ВО ИСТРАЖУВАЊАТА НА ВАТРОСЛАВ ЈАГИЌ

Vatroslav Jagić u svojim istraživanjima zamjetnu pozornost posvećuje makedonskom prinosu staroslavenskom/crkvenoslavenskom jeziku upućujući na to da se u temelju toga jezika nalaze makedonski govori iz okolice Soluna. Time, zajedno sa Vatroslavom Oblakom, utemeljuje makedonsku teoriju o narodnoj osnovici staroslavenskoga.

Osobitu pozornost u svojim istraživanjima Jagić posvećuje kanonskim tekstovima evanđelja. Interes za te tekstove nastavlja se u njegovu radu posvećen najstarijemu ćirilskom crkvenoslavenskom četveroevanđelju koje se nalazi na granici između glagoljske i ćirilske pismenosti, a to je *Dobromirovo* evanđelje iz XII. stoljeća. Jagić ističe makedonske crte rukopisa, utvrđuje njegovo makedonsko podrijetlo s pomoću pravopisnih, fonoloških, morfoloških i leksičkih posebnosti te bilježi njegove sličnosti s glagoljskom književnom tradicijom. Utvrdio je vrijeme postanka rukopisa, dao mu ime prema autoru zapisa popu Dobromiru, a istaknuo je i specifičnosti koje ga povezuju s makedonskim jezičnim područjem.

Dobromirovo evanđelje kasnije postaje predmetom istraživanja istaknutih imena u slavistici. U radu se sažimaju osnovni zaključci Jagićeve studije, uspoređuju se s najnovijim istraživanjima toga rukopisa koja dopunjuju njegove zaključke, kao i s nekim stavovima kasnijih istraživača koji se razlikuju od Jagićevih. *Dobromirovo evanđelje* nudi bogat materijal crkvenoslavenskoga jezika, osobito preko obilja leksičkih oblika, a ukazuje i na međujezične kontakte.

Ključne riječi: Vatroslav Jagić; makedonska teorija; makedonska škola; *Dobromirovo evanđelje;* jezične posebnosti.

1. УВОД

Ватрослав Јагиќ (1838-1923), една од најзначајните личности на славистиката на преминот меѓу двата века, со својот авторитет и со целосна визија ја втемелува словенската филологија како сестрано изградена и на сите страни отворена гигантска дисциплина.[1] Тој во своите истражувања особено внимание има посветено на прашањето што ги мачело славистите од почетокот на славистичката наука, а тоа се однесува на дилемата кои говори ја дале основата на старословенскиот јазик. Побивајќи ја панонската теорија,[2] тој докажува дека основата на овој јазик е јужнословенска, односно јужномакедонско наречје. Како што истакнува Дамјановиќ ''Kad je riječ o slavenskim jezicima, praslavenski je svima njima izvor, svi imaju ishodište; staroslavenski im ne znači svima isto ni kulturološki ni jezično, ali svakom znači nešto i povjest niti jednog od njih ne može se dobro opisati a da se ništa ne za kaže o staroslavenskom".[3]

Посебен интерес на Јагиќевите проучувања претставуваат евангелските текстови. Тој се јавува како издавач на Зографското и на Мариинското евангелие и како автор на студијата за Асемановото евангелие.

2. ЗА ДОБРОМИРОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ
2.1. ИСТОРИЈАТА НА РАКОПИСОТ

Добромировото евангелие, пред да падне во рацете на Јагиќ, било познато во науката само од записи и белешки на патеписци. Ова евангелие, камен меѓник меѓу старословенскиот и црковнословенскиот јазик, меѓу глаголската и кирилската писменост, е кирилски ракопис што подолго претставувал загатка во палеославистиката зашто бил расфрлан во неколку ракописни ризници во различни центри и постапно бил поврзан во една целина. Во своите *Спомени мојега живота*[4] Јагиќ објаснува како дошол до ракописот, дека го проценил, а потоа самиот го откупил за на крај да го подари на Публичната библиотека

---

1 Radoslav KATIČIĆ, ''Jagić i naše filološko obzorje", *Filologija*, 13, Zagreb, 1985., 236.

2 ''Jagićev učenik V. Oblak poduzeo je dijalektološku ekskurziju u okolici Soluna i u svojoj raspravi Macedonische Studien (1896) uvjerljivo demonstrirao veze između makedonskog govora i ćirilometodskog književnog jezika. Tako je panonska teorija već u XIX. stoljeću odbačena, a zamjenila ju je *makedonska teorija* koju danas nitko ne poriče''. Stjepan DAMJANOVIĆ, *Staroslavenski jezik*, peto, nepromijenjeno izdanje, Hrvatska sveučilišna naklada, Zagreb, 2005., 13.

3 Stjepan DAMJANOVIĆ, *Izabrani filološki radovi*, Fakultet za crnogorski jezik i književnost, Cetinje, 2019., 104.

4 Ватрослав ЈАГИЋ, *Спомени мојега живота*, II дио, Српска краљевска академија, Београд, 1934.

во тогашниот Петроград. Го утврдил времето на настанокот на ракописот, XII век, му го дал името според записот на Добромир, го утврдил неговото македонско потекло преку правописни, фонолошки, морфолошки и лексички особености, ги забележал неговите сличности со глаголската книжевна традиција. Забележал и дека дел од ракописот недостасува. Јазикот на ракописот без двоумење го нарекува јасно старoцрковнословенски.

Некои претпоставки на Јагиќ се потврдиле со текот на времето. Неговото наслутување дека овој непотполн текст, 183 пергаментни листа и 14 листа од хартија со писмо од XIV век (РНБ Q. n. I. 55), првобитно се наоѓал во библиотеката на некој манастир на Синај се потврди со откритието на израелскиот славист Моше Алтбауер кој во 1968 година токму во манастирот ''Св. Катерина'' го нашол неговиот прв дел (MS 43/0)[5], непотполн, се состои од 23 пергаментни листа и го идентификувал како дел од старо евангелие. Фотографиите кои Алтбауер ги донел во Скопје кај Блаже Конески и Владимир Мошин покажале дека се работи за дел од Дбм,[6] а со овој фрагмент се дополниле Јагиќевите палеографски и јазични заклучоци. Во 1973 во МАНУ беше објавено фототипско издание[7] на двата дела – од 12-38 кватернион, што започнува со Мк 7, 2. Во Софија потоа е објавено критичкото издание на стариот синајски и на петербуршкиот дел, подготвено од Велчева.[8] Двата листа што се наоѓаат во Париската национална библиотека (Slav. 65) ги открива Станчев,[9] а четвртиот дел што е дел од новата синајска збирка се состои од 9 пергаментни листа (MS 7/N).[10] Следи дипломатското издание на новиот синајски дел.[11] Подоцна во Скопје излезе издание во кое се вклучени студијата на Јагиќ во превод на македонски јазик од Угринова-Скаловска со диференцијален речник од Десподова, како и репродукции од парскиот дел и од новопронајдениот синајски дел.[12]

---

5 Moše ALTBAUER, ''Identification of newly discovered Slavic manuscripts in St. Catherine's monastery in Sinai''. *Slovo* 37, Zagreb, 1987.,36.

6 Поопширно за ова во: Anica NAZOR, ''Добромирово евангелие. Кирилски споменик од XII век. Том I. Приредил Моше Алтбауер. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1973, стр. XVIII+таб.CCCCXXXVIII '', *Slovo*, 24, Zagreb, 1974., 237-240.

7 Моше АЛТБАУЕР (приредил), *Добромирово евангелие, кирилски споменик од XII век.* Т. I, МАНУ, Скопје, 1973.

8 Боряна ВЕЛЧЕВА, *Добромирово евангелие, български паметник от началото на XII век*, БАН, София, 1975.

9 Красимир СТАНЧЕВ, ''Неизвестные и малоизвестные болгарские рукописи в Париже'', *Старобългаристика* V, 3, София, 1981., 85-91.

10 Ioanis TARNANIDIS, *The Slavonic Manuscripts discovered in 1975 at St. Catherine's Monastery on Mount Sinai.* Thessaloniki, 1988., 317-334.

11 Боряна ВЕЛЧЕВА, ''Новооткритата част на Добромировото евангелие в Синайския манастир 'Св. Екатерина''', *Годишник на Софийския университет* ''Св. Климент Охридски'', Факултет по славянски филологии, т. 82 (2) 1988, София, 1991., 125-136.

2.2. АНАЛИЗАТА НА ЈАГИЌ

Како што беше истакнато, Јагиќ покажал интерес за најстарите словенски преводи на евангелието. Покрај истражувањата на канонските евангелија, тој направил и опсежна студија за Добромировото евангелие (понатаму: Дбм)[13] објавена во Виена 1899 во којашто тој прави палеографска, јазична и текстолошка анализа. Особено е корисен Јагиќевиот компаративен пристап при што го става ракописот во контекст на други евангелски текстови, при што заклучува дека Дбм го надминува Трновскиот текст со поголема конзервативност, а потесно е приврзан кон текстот на такви споменици, како што се Зографското, Мариинското и Асемановото евангелие, и ја следи старата традиција.

Јагиќ оценил дека овој ракопис претставува поврзувачка алка меѓу архаичните јужнословенски преписи од XI век коишто влегуваат во старословенскиот канон и Трновското четвороевангелие од 1273 год. кое се покажува поиновативно во лексички однос. Во однос на граматиката, речникот и текстот, Дбм зазема истакнато место во староцрковнословенската литература и има за основа мошне стари предлошки. Самиот Јагиќ вели: ‘‘Иако никаде не најдов сигурна потпорна точка дека овој кирилски споменик произлегува непосредно од глаголска предлошка, сепак тој покажува најтесни врски со најстарите глаголски текстови‘‘.[14]

Во повеќе наврати низ својата студија Јагиќ го потврдува македонското потекло на ракописот. Уште во описот на кодексот во една реченица вели: ‘‘Станува збор за стар пергаментен кодекс пишуван со кирилица, од јужнословенско, поточно од македонско потекло‘‘.[15] Понатаму продолжува: ‘‘Освен тоа, за македонското потекло на Добромир (се мисли на поп Добромир од записот), така и на обајцата пишувачи на неговиот кодекс зборуваат некои други моменти (...). Нашиот кодекс изгледа дека е напишан во некоја македонска област во која грчкиот елемент веќе му го отстапувал приматот на словенскиот, каде словенските пишувачи биле билингви, евентуално дури и Грците умееле да пишуваат словенски кодекси‘‘. Ова е поткрепено со фрази

---

[12] Радмила УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Вангелија ДЕСПОДОВА, *Добромирово евангелие II, кирилски споменик од XII век,* Институт за старословенска култура, Книгоиздателство ‘‘Матица македонска‘‘, Скопје-Прилеп, 1992.

[13] Vatroslav JAGIĆ, *Evangelium Dobromiri. Ein altmacedonisches Denkmal der kirchenslavischen Sprache des 12. Jahrhunderts.* I-II, Sitzungsberichte der Philosophisch-Historischen Classe der Kaiserlichen Akademie der Wissenschaften, Bd. 138, Wien, 1898; Bd. 140, Wien, 1899.

[14] Цитатите од студијата на Јагиќ и броевите на страниците се даваат според изданието: Р. УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, В. ДЕСПОДОВА, *Добромирово евангелие II*, 1992., 194.

[15] Истото, 30.

пренесени на грчки и изразено присуство на грцизми во текстот. Таму каде што препишувачот во библискот стих Римјаните ги заменил со Грци, зашто за него тие биле поблиски, во J XI, 48 римлѣне (οἱ Ρωμαῖοι) е заменето со грьци: и пришетьше грьци. возьмѫть и мѣсто и ѧзыкь; како и во J XIII, 16 и XIV, 2 аминь аминь лего оіминь наместо аминь аминь гл҃ѫ вамъ. Во Дбм е присутен и литургискиот грцизам енкениѣ J X, 22 ἐγκαίνια, н. пл., врз кој со понова рака е напишано сѣ҇щениа, а во Трновското евангелие поновлениѣ. Сепак, во споредбата со канонските текстови Јагиќ не забележал дека и во Мар, како единствена потврда во старословенски текст, се среќава истиот грцизам, наспрема свѧш<те>ниѣ Зогр Асем. Во текстовите настанати во југозападниот дел на Македонија, особено литургиските грцизми, се употребувале свесно бидејќи тие биле дел од нормата на грчкото богослужење што влијаело врз словенското. Понатаму, обаснувајќи го движењето на ракописот, кажува дека во текот на времето Добромировиот кодекс од Македонија пошол на Исток, поточно во манастирот Синај.[16]

Осврнувајќи се конкретно на правописот на ракописот, во однос на едноеровиот правопис на Дбм коешто употребува само ь, Јагиќ констатира дека такви споменици се јавуваат во глаголското и во кирилското писмо доволно рано. Утврдува и заеднички особености со Македонското кирилско ливче: употреба на ь и ы, употреба на ѣ за ја избегнување на вокалот ѡ, употреба на е покрај и наместо ѥ и други особености. Тука ќе го употреби и називот македонска школа, бидејќи истакнува дека: ‘‘Оваа специфичност ја содржат обата споменици во блиска заемна врска, и затоа тие нѐ тераат да претпоставиме една посебна македонска школа на препишувачи, можеби л о к а л н о п о в р з а н и".[17]

Јагиќ се осврнува и на прагматската страна, забележувајќи дека пишувачите на старите текстови се управувале мошне често според слухот. И како што се покажало досега во анализата на голем дел од текстовите, токму тој начин на слуховото восприемање на формите може да биде показател за дијалектната основа на определен текст. Јагиќ вели: ‘‘За нас токму ова превидување на етимологијата е од голема важност, затоа што открива некои увиди во јазикот, како тој навистина се зборувал. Овдека е особено битно да се истакне дека изговорот по правило се заменувал со полните вокали о и е‘‘.[18] Тоа го потврдува понатаму констатирајќи: ‘‘Карактеристично за нашиот споменик, како и изопшто за западнобугарските или македонските, е претпочитање на полните вокали е и о наместо ь и ъ‘‘.[19] Во Заклучоците на студијата Јагиќ

[16] Истото, 36.
[17] Истото, 56.
[18] Истото, 57.
[19] Истото, 65.

истакнува дека двојството кое во понатамошниот тек се изразило поостро, паѓа со своите први почетоци најмалку во првата бугарско-македонска епоха на староцрковнословенската писменост. Би требало тоа да се означи доволно верно со именувањето бугарска (источна) и македонска (западна).

Понатаму во Заклучоците се истакнува дека кодексот што е предмет на анализа заедно со неговиот непосреден прототип ѝ припаѓа на западната, македонска група. Како особености на оваа група Јагиќ ги изделува: честата замена на ь со е и на ъ со о, формите тои, сеи, изедначувањето на слабите ъ и ь пред следното почетно и во ы, и мекиот изговор на палаталните групи чѣ = чꙗ, жѣ = жꙗ, шѣ = шꙗ, односно а се допушта зад сите палатали освен зад ч.

Во однос на консонантизмот како карактеристична појава за старословенските споменици од македонско потекло ги споменува примерите со ст наместо сц: лютьстии, чл҃вчьстѣ, фарисеистѣ, генисаретьстѣ, архиереисти, галилеистѣи и други примери.[20] Но, Јагиќ укажува и на некои ‘‘признаци на заедништво’‘: односно помалку сигурна би била претпоставката дека групата ст наместо сц, слабото разликување помеѓу л и л’, н и н’, р и р’, важеле како признак на само едната и тоа на западната половина. Отстапувањето на л епентетско мора без сомнение да се смета за општа карактеристика, како и во морфологијата примерите со завршокот –мы за 1 л. мн. през. и отпаѓање на –ть во 3 л. едн. през., зголемувањето на примерите со -ове во ном. множ. и сл.

На текстолошката анализа ѝ е посветено посебно внимание, за да се утврди дека текстот на Јован стои во поблиска врска со Мариинскиот кодекс одошто текстот на Марко и Лука, па заклучува дека предлошката на Јован претставува постар текст кој стои поблиску до глаголскиот.[21] Првите тројца евангелисти може писарот на овој споменик ги имал препишано според предлошка на тетраевангелие, додека пак на крајот на Лука претходно прекинатата работа подоцна била продолжена, но изгледа дека понатаму за предлошка имал изборно евангелие, т. е. апракос.

Во студијата на Јагиќ се истакнуваат јужнословенските карактеристики преку присуство на бугаризми и србизми на различни рамништа на текстот, а особено на србизми и кај коректурите во текстот што се правени во XIV век со други раце.

---

[20] Истото, 73.

[21] Истото, 95.

2.3. ДРУГИ ИСТРАЖУВАЊА НА РАКОПИСОТ

Подоцнежните истражувачи на Дбм не секогаш го делеле мислењето со неговиот прв опишувач. Во однос на јазичната и палеографска анализа поновите истражувачи некогаш се согласувале, некогаш имале различни ставови. Во однос на датирањето на Дбм кое, според Јагиќ е настанато во последните децении на XII век, постојат спротиставени мислења кои се движат од XI до почетокот на XII век. На пр., Велчева[22] изразува воздржаност дека Дбм е настанат во XII в. зашто не е земено предвид глаголското влијание врз писмото, нацртот на јотуваната голема носовка, орнаментиката и смета дека ракописот повеќе клони кон XI в., но според некои јазични особености треба да се смета дека е поблиску до почетокот на XII век.

Велчева изразува различно мислење од Јагиќ и во однос на бројот на рацете застапени во ракописот, наспрема Јагиќ кој открива две раце на главните писари, двајца коректори и еден автор на запис, таа открива и пет коректори на текстот.[23]

Несогласувања има околу дијалектната база на ракописот. Главна одлика што дава локално обележје е појавата на преглас на а зад ч, ж и ш, и претставува регионално ограничена појава која е најизразена во јужниот регион. Освен зад ч, ж, ш (чѣсь, чѣша, обычѣи, печѣль (сп. печѣль и во Григ), ськоньчѣ (сконъчѭѧтъ Григ); жѣ м. жа: оужѣс ьжѣлость; шѣ м. ша: слышѣ, и зад щ, жд (ждѣ м. жда: граждѣне, исхождѣахѫ; щѣ м. ща: отьвѣщѣти, сьвѣщѣшѫ). Покрај овие примери, паралелно се среќаваат и такви без преглас зад соодветните консонанти. Оваа појава претставува жива особеност на говорот на препишувачите. Соодветна ситуација, преглас на а > ä (> е) денес има во целиот појас на јужномакедонските говори: жäба, чäша, шäрка во Сухо и Висока, Солунско, жäба - жеб'ата, Корчанско, чеша, Костурско, Кукушко. Во околината на Корча, во двете села Бобошчица и Дреновени, меѓу сочуваните архаизми е и прегласот на а во ä под акцент, и во е во неакцентиран слог зад палатален консонант.[24] Ваква состојба се јавува уште во други ракописи како Григ Хлуд Пог Дбј. Конески ја исклучува можноста Дбм да биде поврзано со Солунско и со Серско, а ја гледа неговата дијалектна позадина поназапад, кон Костурско и Корчанско.[25] Во прилог на ова тој истакнува дека во Солунско и во Серско има различни рефлекси на ѧ и на ѣ: грѣдѫ[26] наспрема грѧдѫ, Зогр,

---

[22] Б. ВЕЛЧЕВА, *Добромирово евангелие*, 21-23.

[23] Истото, 26.

[24] Божидар ВИДОЕСКИ, *Дијалектите на македонскиот јазик*, том 1, МАНУ, Скопје 1998.,348.

[25] Блаже КОНЕСКИ, *Историска фонологија на македонскиот јазик*, Скопје, 2001., 15.

[26] Јагиќ изделува десетици примери со ваква замена во коренот грѧд-, Р. УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, В. ДЕСПОДОВА, *Добромирово евангелие* II, 47.

Мар, пѣтель 21б (3Х), а во Дбм е одразен говор во кој ѧ при деназализација совпаднал со ѣ: свѧть 75а (м. свѣть), и обратно: сѣмѣ 105а (м. сѣмѧ).

Дијалектната база може да се определи и во врска со некои појави во консонантизмот, како алтерниацијата г: s (кьнѧsа, сьтѧsание, подвиsаите сѧ) која територијално се поврзува со говорите расположени во тесен појас по линијата што води од Гостиварско, преку Кичевско и Охридско, до Костурско.[27]

Појавата на протетичкото ј се смета за маркантна во однос на дијалектната диференцијација со оглед на фактот дека во источните говори се јавува в како протетички глас.[28] Најстара потврда за протеза на ј ни дава Дбм: ѥже, како и во меѓузборовното поврзување въ главѫ ѥглоу (въ гл҃вѫ ѫглоу v7 g—lv4 4glou Мар 3огр)[29] (Конески 2001: 51).

На текстолошката структура на ракописот се осврнува Добрев[30] и забележува уште некои текстолошки сличности на одделни фрагменти од текстот коишто одразуваат иновациски лексички варијанти, а тоа се деловите Мк 12.1-Л 1.15 и од Мк 13, 1 – Л 8, 56, и истакнува дека овие лексички разночтенија ги одразуваат особеностите на Симеоновата редакција и дека содржат преславска лексика. Во Мк 13. 1 – Л 8.56 се наоѓа уште еден иновациски слој.[31] Пред и по овие фрагменти текстот е од архаична редакција.[32]

Во однос на лексиката она што Јагиќ го посочил како иновативна, нашло потврда подоцна и во диференцијалниот речник на Дбм, изработен од Десподова,[33] како и потврда во некои народни говори. Ракописот е особено богат со лексички форми, според Цејтлин[34] во него има околу 2500 збора, наспрема 3огр со 2756, а Мар – 2874, а треба да се земе предвид фактот дека во Дбм го нема евангелието по Матеј. Ова богатство на лексиката е разгледувано споредбено со други текстови во повеќе студии.[35]

---

[27] Блаже КОНЕСКИ, ''Што дава Добромировото евангелие за историјата на македонскиот јазик'', *Годишен зборник на Филолошкиот факултет* II, Скопје, 1976., 15.

[28] Истото, 18.

[29] Б. КОНЕСКИ, *Историска фонологија на македонскиот јазик*, 51.

[30] Иван ДОБРЕВ, ''Текстът на Добромировото евангелие и втората редакция на старобългарските богослужбени книги'', *Български език*, XXIX, 1, София, 1979., 10-11.

[31] Истото, 19.

[32] Повеќе за текстологијата на ракописот кај: Сергей Юрьевич ТЕМЧИН, ''Текстологическая история Добромирова евангелия по данным внутренней реконструкции''. *Македонски јазик,* XLV-XLVII, 1994-1996, 1998, 81-106.

[33] Р. УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, В. ДЕСПОДОВА, *Добромирово евангелие II,...*'', . 223-327; Вангелија ДЕСПОДОВА, ''Лексиката на Добромировото евангелие'', *Македонистика* I, 1977, Скопје, 1977., 5-96.

[34] Раля Михайловна ЦЕЙТЛИН, ''Из наблюдений над лексикой Добромирова евангелия''. *Язык и письменность среднеболгарского периода*, Издательство ''Наука'', Москва, 1982.,227.

[35] Moše ALTBAUER, ''Z lexika nově nalezeného zlomku Dobromirova Evangeliářze'', Studia paleoslovenica, red. B. Havranek, Josepho Kurz septuagenario dedicatum, Academia, Praha, 1971., 21-25;

За првпат во Дбм се среќаваат лексички иновации од типот лапка Л 21, 2, дьвѣ лапьцѣ λεπτὰ δύο Дбм, дъвѣ лептѣ Макед Крат Мар Зогр Асем, цѧтѣ Дбj Рад (оваа лексема ја користи и Пог во коментарот), кошоулꙗ Л 6, 29 χιτών, кошоулѫ Дбм, срачицѫ Рад Макед Крат, срачицѧ Мар, во однос на оваа лексема Јагиќ констатира дека во претходната литература е означен како србизам од XIV век, но од Дбм веќе за XII век може да биде докажан како србизам и како македонизам, пѣтлъ ἀλέκτωρ Мк 14, 30 пѧтела Дбм, коурь Рад Зогр, пѧтелъ Макед, алекгорь Крат, кокотъ Мар, Мк 14, 68 и 72, пѧтелъ Дбм, Макед, коурь Рад Зогр, алекгорь Крат, кокотъ Мар, J 13, 38 пѧтел Дбм, коурь Рад Зогр Асем, коурѧ Јов Дбj, кокотъ Мар, пѣтель J 18, 27 пѣтель Дбм, коурь Рад Мар, кꙋрѧт Јов, коурѧ Дбj; сълагати J 11, 50 συμβάλλειν сьлагаете Дбм, помышлѣете Рад Крат Јов Дбj Мар. Во Костурско и Корчанско е и денес познат зборот лапка со значење *јаболко*,[36] а сочуван е и во говорот на преселници (преселени околу 1924 год.) во Турција, односно население од селата Жервен, Сервич меѓу Лерин и Воден и од Забордени, сите во егејскиот дел од Македонија, кои денес живеат во с. Мустафа Паша во Кападокија.[37]

Цејтлин во својот труд изделува зборови што отсуствуваат во други ракописи, но подоцна потврда за нив се наоѓа во некои ракописи што претставуваат извор за РЦЈМР[38]: бѣдьникъ Рад Крп Крат Крн, въсходьница Рад Слеп, камиль Хлуд непокоривъ Заг Орб Хлуд, оупрѣжнѣти Орб, хранительница Заг Шаф Орб Хлуд, чрьвеница Дбм - чрьвленица Орб Хлуд, чоуждь Заг Орб.

Овој ракопис што на славистичката наука ѝ го приопштил Јагиќ, подоцна стана предмет на интерес на низа слависти, сè до денешен ден. На Добромировото евангелие му посветиле внимание многу еминентни имиња во палеославистиката.

Leszek MOSZYŃSKI ‘‘Słownictwo macedońskiego ewangeliarza popa Jowana wobec słownictwa ewangeliarza Dobromira’‘. Зборник во чест на Блаже Конески. Скопје: Универзитет ,,Кирил и Методиј’‘, Скопје, 1984., 171-179.

36 Блаже КОНЕСКИ, ‘‘Што дава Добромировото евангелие’‘, 21.

37 Волшебниот свет на Кападокија, 5, Зборувате ли по ‘‘нашки’‘!?, *Нова Македонија,* 19 октомври 1998, 7.

38 РЦЈМР: *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*. I. Вовед. а-б. Зденка Рибарова [ed.], Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска [red.]. Скопје 2006. II. въ-вvсъ, св. 8–13. Зденка Рибарова [ed.], Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска [red.]. III. ѓ-движати, св. 14-15, Н. Андријевска [ed.], Н. Андријевска, Л. Макаријоска, Е. Црвенковска [red.], Институт за македонски јазик ‘‘Крсте Мисирков’‘, Скопје, 2021-2023→.

Кратенки на изворите

Асеман – Асеманово евангелие, X-XI век
Григ – Григоровичев паримејник, XII век-XIII век
Дбм – Добромирово евангелие, XII век
Дбј – Добрејшово евангелие, XIII век
Заг – Загрепски триод, XIII век
Зогр – Зографско евангелие, X-XI век
Јов – Македонско евангелие на поп Јован, XIII век
Крат – Кратовско евангелие, XIV век
Крн – Крнински дамаскин, XVI век
Крп – Карпинско евангелие, XIII век
Мар – Мариинско евангелие, XI век
Орб – Орбелски триод, XIII век
Пог – Погодинов псалтир, XIII век
Рад – Радомирово евангелие, XIII век
Слеп – Слепченски апостол, XII век
Хлуд – Хлудов триод, XIII век
Шаф – Шафариков триод, XIII век

ЛИТЕРАТУРА

1/ Моше АЛТБАУЕР (приредил), Добромирово евангелие, кирилски споменик од XII век. Т. I, МАНУ, Скопје, 1973.
2/ Боряна ВЕЛЧЕВА, Добромирово евангелие, български паметник от началото на XII век, БАН, София, 1975.
3/ Боряна ВЕЛЧЕВА, ‘‘Новооткритата част на Добромировото евангелие в Синайския манастир ‘Св. Екатерина’’, Годишник на Софийския университет ‘‘Св. Климент Охридски’‘. Факултет по славянски филологии, т. 82 (2) 1988, София, 1991., 125-136.
4/ Божидар ВИДОЕСКИ, Дијалектите на македонскиот јазик, том 1, МАНУ, Скопје, 1998.
5/ Вангелија ДЕСПОДОВА, ‘‘Лексиката на Добромировото евангелие’‘, Македонистика I, 1977, Скопје, 1977., 5-96.
6/ Иван ДОБРЕВ, ‘‘Текстът на Добромировото евангелие и втората редакция на старобългарските богослужбени книги’‘, Български език, XXIX, 1, София, 1979., 9-21.
7/ Ватрослав ЈАГИЋ, Спомени мојега живота, II дио, Српска краљевска академија, Београд, 1934.

8/ Блаже КОНЕСКИ, ‘‘Што дава Добромировото евангелие за историјата на македонскиот јазик’‘, Годишен зборник на Филолошкиот факултет II, Скопје, 1976., 13-22.
9/ Блаже КОНЕСКИ, Историска фонологија на македонскиот јазик, МАНУ, Скопје, 2001.
10/ Красимир СТАНЧЕВ, ‘‘Неизвестные и малоизвестные болгарские рукописи в Париже’‘, Старобългаристика V, 3, София, 1981., 85-91.
11/ Сергей Юрьевич ТЕМЧИН, ‘‘Текстологическая история Добромирова евангелия по данным внутренней реконструкции’‘. Македонски јазик, XLV-XLVII, 1994-1996, 1998, 81-106.
12/ Радмила УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Вангелија ДЕСПОДОВА, Добромирово евангелие II, кирилски споменик од XII век, Институт за старословенска култура, Книгоиздателство ‘‘Матица македонска’‘, Скопје-Прилеп, 1992.
13/ Раля Михайловна ЦЕЙТЛИН, ‘‘Из наблюдений над лексикой Добромирова евангелия’‘. Язык и письменность среднеболгарского периода, Издательство ‘‘Наука’‘, Москва, 1982.,225-249.
14/ Moše ALTBAUER, ‘‘Z lexika nově nalezeného zlomku Dobromirova Evangeliáře’‘, Studia paleoslovenica, red. B. Havranek, Josepho Kurz septuagenario dedicatum, Academia, Praha, 1971., 21-25.
15/ Moše ALTBAUER, ‘‘Identification of newly discovered Slavic manuscripts in St. Catherine’s monastery in Sinai’‘, Slovo 37, Zagreb, 1987.,35-40.
16/ Stjepan DAMJANOVIĆ, Staroslavenski jezik. Peto, nepromijenjeno izdanje, Hrvatska sveučilišna naklada, Zagreb, 2005.
17/ Stjepan DAMJANOVIĆ, Izabrani filološki radovi, Fakultet za crnogorski jezik i književnost, Cetinje, 2019.
18/ Radoslav KATIČIĆ, ‘‘Jagić i naše filološko obzorje’‘, Filologija 13, Zagreb, 1985., 231-239.
19/ Leszek MOSZYŃSKI, ‘‘Słownictwo macedońskiego ewangeliarza popa Jowana wobec słownictwa ewangeliarza Dobromira’‘. Зборник во чест на Блаже Конески. Скопје: Универзитет ,,Кирил и Методиј’‘, Скопје, 1984., 171-179.
20/ Anica NAZOR, ‘‘Добромирово евангелие. Кирилски споменик од XII век. Том I. Приредил Моше Алтбауер. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1973, стр. XVIII+таб.CCCCXXXVIII ‘‘, Slovo 24, Zagreb, 1974., 237-240.
21/ Ioanis TARNANIDIS, The Slavonic Manuscripts discovered in 1975 at St. Catherine’s Monastery on Mount Sinai. Thessaloniki, 1988., 317-334.
22/ Vatroslav JAGIĆ, Evangelium Dobromiri. Ein altmacedonisches Denkmal der kirchenslavischen Sprache des 12. Jahrhunderts. I-II.- Sitzungsberichte der Philosophisch-Historischen Classe der Kaiserlichen Akademie der Wissenschaften. Bd. 138, Wien, 1898; Bd. 140, Wien, 1899.

РЕЧНИЦИ

РЦЈМР: Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, I. Вовед. а-б, Зденка Рибарова [ed.], Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска [red.], Скопје 2006, II. въ-вvсъ, св. 8–13, Зденка Рибарова [ed.], Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска [red.], III. ѣ-движати, св. 14-15, Н. Андријевска [ed.], Н. Андријевска, Л. Макаријоска, Е. Црвенковска [red.], Институт за македонски јазик ''Крсте Мисирков'', Скопје, 2021-2023→.

SUMMARY

DOBROMIR GOSPEL IN VATROSLAV JAGIĆ'S RESEARCH

Vatroslav Jagić devoted substantial attention to Macedonian contribution to Old Slavonic/Church Slavonic, implying that the foundation of this language rests upon in Macedonian dialects from the Thessaloniki area. Thus, together with Vatroslav Oblak, he established the Macedonian theory regarding the folk foundation of the Old Slavonic.

Jagić research was primarily centred on the canonical gospels. His interest in gospels continues with the paper on the oldest Cyrillic Church Slavonic four-gospel which is placed on the borderline between Glagolitic and Cyrillic literacy, which is the Dobromir Gospel from the XII century. Jagić highlights the Macedonian features of the manuscript, determines its Macedonian origin based on orthographical, phonological, morphological, and lexical attributes, and identifies its similarities with the Glagolitic literary tradition. He dated the time of origin of the manuscript, named it according to the record of the priest Dobromir, identified its similarities with the Glagolitic literary tradition, and emphasised its features that relates it with the Macedonian language areal. Jagić uses the term Macedonian school, Macedonian area.

Later on, Dobromir Gospel has become a subject of interest of many eminent Slavistics scholars. This paper summarizes the basic conclusions emerging from the Jagić's study, compared to the latest research of this manuscript which supplements Jagić's conclusions, as well as some points of view which differ from his opinions. This manuscript offers rich material for Church Slavonic, especially through the abundance of lexical forms, and it also points out to interlinguistic contacts.

Key Words: Vatroslav Jagić; Macedonian Theory; Macedonian School; Dobromir Gospel; linguistic features.